# ПРЕЗЕНТАЦИЈА
## Од прим. Др. Софија Галбова Вчкова, вработена во Институт по белодробни заболувања кај децата Козле

За едукативниот престој во Клиничката болница Черепаша во Истамбул

- Во периодот од 03.04. до 22.05 2016 година, престојував на Клиничката болница Черепаша, на одделот за педијатриски инфективни заболувања во Истамбул , во склоп на проектот за дополнителна едукација на лекари специјалисти.

- Клиниката за детски болести е  стара клиника,која не може да се пофали со условите во кои се лекуваат децата ..
- За едукацијата  беа одговорни деканот  Alaatin Duran MD. Prof.  и ректорот  Mahmut AK. PhD. Prof.
- Во склоп на Клиниката  нема посебен оддел за пулмологија, бронхоскопски интервенции воопшто не се изведуваат.
-

Педијатрискиот болнички дел се состои од еден оддел со околу 10-тина соби , истиот ги третира пациентите со заразни заболувања од различна етиологија

Болницата располага со Оддел за Интензивна нега во која воглавно се лекуваат мал број пациенти со хронични метаболни заболувања и енцефалопатии.

Посебно функционираат породилиште и неонатологија, кои се комплетно издвоени во посебни единка

- Нема оддел за пулмолошки лежечки болни
- Нема  бронхолошки кабинет,  заради што и не се изведуваат бронхоскопски интерванции.
- Во  реновирани подрумски простории функционираат консултативни ординации

Од горенаведените причини, мојот престој  се одвиваше на тој еден оддел за пациенти со заразни болести, повремени посети на одделот за интензивна терапија и во консултативната амбуланта за  алергологија и имунологија

- Во тек на првите две недели од престојот  професорите и повеќе од лекарите специјалисти беа отсатни заради учесто на Конгреси, така да  целата работа на одделението ја покриваат специјализанти, студенти и 1 млад специјалист. За разлика од  улогата на специјализантите во нашата држава,  специјализантите во Турција имаат многу повеќе задолженија но и одговорност,  што се должи на обуката  од нивните ментори.
- Мора да се нагласи дека  лабораториските  дијагностички процедури се далеку побројни  и пософистицирани од оние што се изведуваат  кај нас  .

- Вториот ден од престојот побарав  да бидам преместена во друга установа, но истото не  беше возможно.
- Во  контакт со др. Ајше ( специјалист на клиниката која е на привремен едукативен престој за педијатриска бронхоскопија во тек  од 6 месеци), побарав да ја посетам приватната клиниката каде што ја изведува  обуката, но и тоа не ми беше дозволено.
- Во тој контекс  би ги дала следните заклучоци.

- Би било пожелно  специјалистот кој е кадидат за дополнителна едукација да биде известен за установата во која ке биде испратен.( ке се избегне избор на несоодвентна установа)
- По можност да биде запознаен со менторот кој ке му биде доделен , за да може претходно да стапи во контакт со него. ( на тој начин ке се избегнат компликации како отсаство на менторите или специјалистите на одделите)

- Но, за на крај  сепак морам да го  поздравам проектот, зашто и покрај  тоа што установата во која бев распределана  не беше тоа што очекував, морам да потенцирам дека од секоја едукација има бенефит за лекарите кои сакаат да осознаваат. Бев запознаена со ентитети кој ги немам сретнато во целата моја долгогодишна пракса ( Зелвегер синдром,  возрасно дете без ларинкс, апсцес на слезенка и др.  )
- Др.Софија Галбова Вчкова